# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 317** **31 декември 2020, четврток** **година LXXVI**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 4375. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за инспекцијата на труд........................................................ | **2** |
| 4376. | **Закн** за изменување на Законот за инвалидски организации .................... | **4** |
| 4377. | **Закон** за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба........................... | **6** |
| 4378. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам ........................................ | **17** |
| 4379. | **Одлука** за изменување на Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.................................. | **27** |
| 4380. | **Одлука** за одобрување на регулиран максимален приход и тарифи за вршење на дејноста пренос на природен гас за 2021 година од регулираниот период 2017-2021 година на АД ГА-МА Скопје ............................ | **27** |
| 4381. | **Одлука** за одобрување на регулиран приход и тарифа за вршење на дејноста дистрибуција на природен гас за 2021 година од регулираниот период 2017-2021 година на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони (ДТИРЗ) Скопје ........... | 28 |
| 4382. | **Одлука** за одобрување на регулирана тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас за 2021 година од регулираниот период 2017-2021 година на Јавното претпријатие за енергетски дејности „СТРУМИЦА ГАС“ - Струмица .................... | **29** |
| 4383. | **Одлука** за одобрување на регулирана тарифа за вршење на регулираната дејност дистрибуција на природен гас за потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас за 2021 година од регулираниот период 2017-2021 година на Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти „КУМАНОВО-ГАС“ – Куманово, Ndermarrja publike per ndertim te objektive infrastrukturore KUMANOVA-GAZ Kumanove .............. | **30** |
| | **Огласен дел** ........................................ | **1-48** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**4375.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУД

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекцијата на труд,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 2020 година.

Бр. 08-4759/1
28 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНСПЕКЦИЈАТА НА ТРУД

Член 1

Во Законот за инспекцијата на труд („Службен весник на Република Македонија“ број 35/97, 29/2002, 36/11, 164/13, 44/14, 33/15, 147/15 и 21/18), членот 3-а се брише.

Член 2

Членот 7 се брише.

Член 3

Членот 8 се менува и гласи:

„Покрај условите предвидени со Законот за инспекциски надзор, инспекторот треба да има завршено еден од следниве факултети: правен, машински, градежен, архитектонски, електро, технолошки факултет или факултет за заштита при работа.“

Член 4

Во член 14 ставовите 3, 4 и 5 се бришат.

Член 5

Во член 17 точката 1) се менува и гласи:

„со решение да му изрече опомена, во определен рок да ги отстрани неправилностите и недостатоците утврдени со записник.“

Член 6

По членот 17 се додава нов член 17-а, кој гласи:

„Член 17-а

Инспекторот води евиденција за изречените опомени.

Начинот на водење на евиденцијата од ставот 1 на овој член, ја пропишува министерот за труд и социјална политика.“

Член 7

Во членот 19 став 1 зборот „осум“ се заменува со бројот „15“.

Член 8

Членот 22 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ 500 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на микро и мал работодавач – правно лице, глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност на среден работодавач – правно лице и глоба во износ од 2.000 до 3.000 евра во денарска противвредност на голем работодавач – правно лице, ако:

1) го спречи, односно попречува инспекторот во вршењето на работите на инспекцискиот надзор (членови 10, 11 и 12 од овој закон) и

2) ги отпечати запечатените работни простории, работни места или орудија за работа на механизиран погон на работодавецот (член 18 ставови (1) и (2) од овој закон).

(2) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице кај микро и мал работодавач, глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност кај среден работодавач и глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност кај голем работодавач.

(3) Глоба во износ од 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на работодавач – физичко лице.

(4) За прекршокот од ставот (1) на овој член, на одговорното лице кај работодавачот ќе му се изрече и мерка забрана на вршење на професија, дејност или должност од најмалку три дена до најмногу една година. Забраната за вршење на професија, дејност или должност може да се замени со паричен надоместок, само во случај кога прекршокот е сторен за прв пат. Паричниот надоместок претставува двоен износ од износот на одмерената глоба, кој сторителот е должен да го плати во рок од три дена од денот кој му е определен во решението.“

Член 9

Членот 22-а се менува и гласи:

„(1) Инспекторот за прекршоците од членот 22 од овој закон, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка, е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

(2) Ако сторителот ја плати глобата во рок од осум дена од денот на издавањето на прекршочниот платен налог, ќе плати половина од предвидената глоба, а доколку не ја плати во предвидениот рок, овластеното службено лице ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот орган.

(3) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот надлежен за работите од областа на трудот.“

Член 10

Во член 23 алинеите 1 и 2 се бришат.

Член 11

Низ целиот текст на Законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 12

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 13

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за инспекцијата на труд.

Член 14

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

**L I GJ**
**I NDRYSHIMIT DHE I PLOTËSIMIT TË LIGJIT TË INSPEKCIONIT TË PUNËS**

Neni 1

Në Ligjin e Inspekcionit të Punës (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 35/97, 29/02, 36/11, 164/13, 44/14, 33/15, 147/15 dhe 21/18), neni 3-a fshihet.

Neni 2

Neni 7 fshihet.

Neni 3

Neni 8 ndryshohet dhe bëhet:

“Përveç kushteve të parapara me Ligjin e Mbikëqyrjes Inspektuese, inspektori duhet të ketë të përfunduar një nga këto fakultete: juridik, të makinerisë, të ndërtimtarisë, të arkitekturës, fakultet teknik ose fakultet për mbrojtje gjatë punës.“.

Neni 4

Në nenin 14 paragrafët 3, 4 dhe 5 fshihen.

Neni 5

Në nenin 17 ndryshohet pika 1) dhe bëhet:

“t’i shqiptojë vërejtje me aktvendim, t'i mënjanojë parregullsitë dhe mangësitë e përcaktuara me procesverbal në afat të caktuar;".

Neni 6

Pas nenit 17 shtohet nen i ri 17-a, si vijon:

“Neni 17-a

Inspektori mban evidencë për vërejtjet e shqiptuara.

Mënyrën e mbajtjes së evidencës nga paragrafi 1 i këtij neni, e përcakton ministri i Punës dhe i Politikës Sociale. “

Neni 7

Në nenin 19 paragrafi 1, fjala “tetë” zëvendësohet me numrin “15”.

Neni 8

Neni 22 ndryshohet dhe bëhet:

“(1) Gjobë në shumë prej 500 deri 1.000 euro, në kundërvlerë denari, për kundërvajtje, do t’i shqiptohet punëdhënësit mikro dhe të vogël, gjobë në shumë prej 1.000 deri 2.000 euro, në kundërvlerë denari, do t’i shqiptohet punëdhënësit të madh - person juridik dhe gjobë në shumë prej 2.000 deri 3.000 euro, në kundërvlerë denari, punëdhënësit të madh-person juridik, nëse:

1) e parandalon, përkatësisht e pengon inspektorin që t’i kryejë punët e mbikëqyrjes inspektuese (nenet 10, 11 dhe 12 të këtij ligji) dhe

2) i stampon hapësirat e vulosura të punës, vendet e punës ose mjetet e punës të repartit të mekanizuar të punëdhënësit (neni 18 paragrafët (1) dhe (2) të këtij ligji).

(2) Gjobë në shumë prej 250 euro, në kundërvlerë denari, për kundërvajtje sipas paragrafit (1) t këtij neni, do t’i shqiptohet personit përgjegjës te personi juridik i punëdhënësit mikro dhe të vogël, gjobë në shumë prej 400 euro, në kundërvlerë denari, te punëdhënësi i mesëm dhe gjobë në shumë prej 500 euro, në kundërvlerë denari, te punëdhënësi i madh.

(3) Gjobë në shumë prej 250 euro, në kundërvlerë denari, për kundërvajtje sipas paragrafit (1) të këtij neni, do të shqiptohet punëdhënësit - person fizik.

(4) Për kundërvajtjen e paragrafit (1) të këtij neni, personit përgjegjës te punëdhënësi do t’i shqiptohet edhe masë ndalim për ushtrim të profesionit, veprimtarisë ose detyrës prej së paku tri ditë deri në më së shumti një vjet. Ndalimi për ushtrim të profesionit, veprimtarisë ose detyrës mund të zëvendësohet me kompensim në para, vetëm në rast kur kundërvajtja është kryer për herë të parë. Kompensimi në para paraqet shumë të dyfishtë nga shuma e gjobës së peshuar, të cilën kryerësi është i detyruar ta paguajë në afat prej tri ditësh nga dita e cila i është caktuar në aktvendim. “

Neni 9

Neni 22-a ndryshohet dhe bëhet:

“(1) Inspektori i Kundërvajtjes nga neni 22 i këtij ligji, para se të paraqesë kërkesë për inicimin e procedurës kundërvajtëse, është i detyruar që kryerësit të kundërvajtjes t'i lëshojë urdhërpagesë kundërvajtëse, në pajtim me Ligjin e Kundërvajtjes.

(2) Nëse kryerësi e paguan gjobën në afat prej tetë ditësh nga dita e lëshimit të urdhërpagesës kundërvajtëse, do të paguajë gjysmën e gjobës së paraparë, kurse nëse nuk e paguan në afatin e paraparë, personi zyrtar i autorizuar do të paraqesë kërkesë për inicimin e procedurës kundërvajtëse për organin kompetent.

(3) Ministri kompetent i çështjeve të sferës së punës e përcakton formën dhe përmbajtjen e urdhërpagesës kundërvajtëse “.

Neni 10

Në nenin 23, nënparagrafët 1 dhe 2 fshihen.

Neni 11

Në të gjithë tekstin e ligjit, fjalët: “Republika e Maqedonisë” zëvendësohen me fjalët: “Republika e Maqedonisë së Veriut”.

Neni 12

Aktet nënligjore të parapara me këtë ligj do të miratohen në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi e këtij ligji.

Neni 13

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë së Veriut të përcaktojë tekst të zbardhur të Ligjit të Inspekcionit të Punës.

Neni 14

Ky ligj hyn në fuqi ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

---

**4376.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за инвалидски организации,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 2020 година.

Бр. 08-4760/1
28 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНВАЛИДСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Член 1

Во Законот за инвалидски организации („Службен весник на Република Македонија" број 89/2008, 59/12, 23/13, 150/15 и 27/16), во членот 35 став 2 зборот „извршува" се заменува со зборовите: „врши инспекциската служба при".

Член 2

Во членот 36 став 1 зборовите: „од 5.000" се заменуваат со зборовите: „од 800 до 1.000".

Во став 2 зборовите: „од 30% од одмерената глоба за правното лице" се заменуваат со зборовите: „од 200 до 300 евра во денарска противвредност".

Член 3

Членот 36-а се менува и гласи:

„За прекршоците утврдени во членот 36 од овој закон, надлежниот инспектор, пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка е должен на одговорното лице или од него овластено лице да му понуди постапка за порамнување со издавање прекршочен платен налог, согласно со Законот за прекршоците.

Кога сторителот на прекршокот е согласен со постапката за порамнување, инспекторот составува записник и му издава прекршочен платен налог на одговорното лице или од него овластено лице.

Записникот и платниот налог ги потпишуваат инспекторот и сторителот на прекршокот. По приемот на прекршочен платен налог сторителот е должен да ја плати глобата изречена во прекршочниот платен налог, во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочнот платен налог.

Записникот и прекршочниот платен налог го потпишува одговорното лице или од него овластено лице.

Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот 3 на овој член, ќе плати само половина од изречената глоба за кое право се поучува во правната поука.

Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од ставот 3 на овој член, инспекторот ќе поднесе барање за поведување прекршочна постапка до надлежен орган.

Во постапката за порамнување глобата во прекршочниот платен налог се изрекува во фиксен износ пропишан со закон, а ако глобата е пропишана во распон се изрекува минималниот пропишан износ за прекршокот.

Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

Доколку сторителот не се согласи да му биде издаден прекршочен платен налог, истото ќе се забележи во записникот за констатиран прекршок, а инспекторот поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд.

Министерот за труд и социјална политика ги пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.".

Член 4

Членот 36-б се менува и гласи:

„При вршењето на инспекциски надзор, инспекторот со решение изрекува опомена и определува рок во кој субјектот на инспекциски надзор е должен да ги отстрани неправилностите и недостатоците, утврдени со записник.

По исклучок од ставот 1 на овој член, во случај кога инспекторот ќе оцени дека утврдените неправилности и недостатоци можат да предизвикаат или предизвикуваат непосредна опасност по животот и здравјето на луѓето или финансиска штета или штета по имотот од поголема вредност или загрозување на животната средина или загрозување на јавниот интерес, со решение изрекува друга инспекциска мерка, како задолжување, наредба, забрана и друга мерка, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.

Доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на опомената од ставот 1 на овој член, инспекторот утврди дека неправилностите и недостатоците сè уште не се отстранети, со решение изрекува друга инспекциска мерка, како задолжување, наредба, забрана и друга мерка, со која најсоодветно ќе се постигне целта на инспекцискиот надзор.

Решението од ставовите 1, 2 и 3 на овој член, се донесува веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на изготвувањето на записникот.

Кога при вршењето на инспекцискиот надзор не се утврдени неправилности и други повреди на закон или друг пропис или утврдените неправилности се отстра-

нети во текот на вршењето на инспекцискиот надзор или во рокот утврден со решението од ставот 1 на овој член, инспекторот ја запира постапката со констатација во записникот.

По исклучок од ставовите 2 и 3 на овој член, инспекторот може да изрече инспекциска мерка со усно решение наведено во записникот.

Во случајот од ставот 6 на овој член, инспекторот е должен веднаш, а најдоцна во рокот утврден во ставот 4 на овој член, да донесе писмено решение за изрекување на инспекциската мерка.

За прекршок за еден или повеќе стручни работници кои непосредно ги вршат работите и субјектите на надзорот ќе се изрече опомена ако прекршокот е сторен прв пат.

Министерот ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на евиденцијата за изречените опомени.“.

Член 5

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

## L I GJ
## I NDRYSHIMIT TË LIGJIT TË ORGANIZATAVE INVALIDORE

Neni 1

Në Ligjin e Organizatave Invalidore (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së” numër 89/08, 59/12, 23/13, 150/15 dhe 27/16), në nenin 35 paragrafin 2, fjala “zbaton” zëvendësohet me fjalët: “kryen shërbim inspektues gjatë”.

Neni 2

Në nenin 36 paragrafi 1, fjalët: “prej 5.000” zëvendësohen me fjalët: “prej 800 deri 1.000”.

Në paragrafin 2, fjalët: “nga 30% të gjobës së përcaktuar për personin juridik” zëvendësohen me fjalët: “prej 200 deri 300 euro, në kundërvlerë denari”.

Neni 3

Neni 36-a ndryshohet dhe bëhet:

“Për kundërvajtjet e përcaktuara sipas nenit 36 të këtij ligji, inspektori kompetent, para se të paraqesë kërkesë për inicimin e procedurës për kundërvajtje, është i detyruar që, përgjegjësit apo të autorizuarit nga ai, t’i ofrojë procedurë pajtimi me lëshim të urdhërpagesës për kundërvajtje, në pajtim me Ligjin e Kundërvajtjes.

Kur kryerësi i kundërvajtjes e pranon procedurën e pajtimit, inspektori përpilon procesverbal dhe i lëshon urdhërpagesë për kundërvajtje përgjegjësit apo të autorizuar nga ai.

Procesverbalin dhe urdhërpagesën e nënshkruajnë inspektori dhe kryerësi i kundërvajtjes. Pas pranimit të urdhërpagesës për kundërvajtje, kryerësi është i detyruar që ta paguajë gjobën e shqiptuar në urdhërpagesën për kundërvajtje, në afat prej tetë ditësh nga dita e pranimit të urdhërpagesës për kundërvajtje.

Procesverbalin dhe urdhërpagesën për kundërvajtjen e nënshkruan përgjegjësi apo i autorizuari nga ai.

Kryerësi i cili do ta paguajë gjobën në afatin sipas paragrafit 3 të këtij neni, do të paguajë vetëm gjysmën e gjobës së shqiptuar, e drejtë që udhëzohet në këshillën juridike.

Nëse kryerësi nuk e paguan gjobën në afatin sipas paragrafit 3 të këtij neni, inspektori do të parashtrojë kërkesë për inicimin e procedurës për kundërvajtje në organin kompetent.

Në procedurën e pajtimit, gjoba në urdhërpagesën për kundërvajtje shqiptohet në shumë fikse të përcaktuar me ligj, ndërkaq nëse gjoba është e përcaktuar në shtrirje shqiptohet shuma minimale e përcaktuar për kundërvajtjen.

Në procedurën e cila do të përfundojë me pagesë të urdhërpagesës për kundërvajtje nuk paguhen shpenzime për procedurën.

Nëse kryerësi nuk pajtohet t’i lëshohet urdhërpagesë për kundërvajtje, e njëjta do të evidentohet në procesverbalin për kundërvajtje të konstatuar, ndërkaq inspektori parashtron kërkesë për inicimin e procedurës për kundërvajtje në gjykatën kompetente.

Ministri i Punës dhe i Politikës Sociale e përcakton formën dhe përmbajtjen e urdhërpagesës për kundërvajtje.”

Neni 4

Neni 36-b ndryshohet dhe bëhet:

“Gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese, inspektori, me aktvendim, shqipton vërejtje dhe cakton afat në të cilin subjekti i mbikëqyrjes inspektuese është i detyruar të mënjanojë parregullsitë dhe mangësitë e përcaktuara me procesverbal.

Me përjashtim të paragrafit 1 të këtij neni, në rast kur inspektori do të vlerësojë që parregullsitë dhe mangësitë e konstatuara mund të shkaktojnë apo shkaktojnë rrezik të drejtpërdrejtë për jetën dhe shëndetin e njerëzve ose dëm financiar apo dëm mbi pronën me vlerë më të madhe ose rrezikim të mjedisit jetësor apo rrezikim të interesit publik, me aktvendim, shqipton masë tjetër inspektimi, si detyrim, urdhër, ndalim dhe masë tjetër, me të cilën në mënyrë përkatëse do të arrihet qëllimi i mbikëqyrjes inspektuese.

Nëse pas përfundimit të afatit të përcaktuar, gjatë shqiptimit të vërejtjes nga paragrafi 1 i këtij neni, inspektori konstaton që parregullsitë dhe mangësitë ende nuk janë mënjanuar, me aktvendim, shqipton masë tjetër inspektuese, si detyrim, urdhër, ndalim dhe masë tjetër, me të cilën në mënyrën më efikase do të plotësohet qëllimi i mbikëqyrjes inspektuese.

Aktvendimi nga paragrafët 1, 2 dhe 3 të këtij neni, miratohet menjëherë, ndërkaq më së voni në afat prej tetë ditësh nga dita e përpilimit të procesverbalit.

Kur gjatë mbikëqyrjes inspektuese nuk janë konstatuar parregullsi dhe shkelje tjera të ligjit apo dispozitës tjetër apo parregullsitë e konstatuara janë mënjanuar gjatë

mbikëqyrjes inspektuese apo në afatin e përcaktuar me aktvendimin, sipas paragrafit 1 të këtij neni, inspektori e ndërpret procedurën me konstatim në procesverbal.

Me përjashtim të paragrafëve 2 dhe 3 të këtij neni, inspektori mund të shqiptojë masë inspektuese, me aktvendim me gojë, të shënuar në procesverbalin.

Në rastin sipas paragrafit 6 të këtij neni, inspektori është i detyruar që menjëherë, ndërkaq më së voni në afatin e përcaktuar sipas paragrafit 4 të këtij neni, të miratojë aktvendim me shkrim për shqiptim të masës inspektuese.

Për kundërvajtje për një apo më shumë punonjës profesionistë të cilët drejtpërdrejt i kryejnë punët dhe subjektet e mbikëqyrjes, do të shqiptohet vërejtje, nëse kundërvajtja është kryer për herë të parë.

Ministri e përcakton formën, përmbajtjen dhe mënyrën e mbajtjes së evidencës për vërejtjet e shqiptuara."

Neni 5

Aktet nënligjore të parapara me këtë ligj do të miratohen në afat prej gjashtë muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë pas botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

---

**4377.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОТ ПОМЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ ПО ПАТ НА СПОГОДБА

Се прогласува Законот за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и МАКПЕТРОЛ АД Скопје по пат на спогодба,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 2020 година.

Бр. 08- 4761/1
28 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОТ ПОМЕЃУ ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ ПО ПАТ НА СПОГОДБА

Член 1

Со овој закон се уредува начинот на решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и МАКПЕТРОЛ АД Скопје настанати во врска со изградбата на гасоводниот систем во Република Северна Македонија.

Член 2

Цел на овој закон е да се обезбеди заштита на имотот и имотните права и интереси на Република Северна Македонија и нејзин понатамошен развој.

Член 3

Владата на Република Северна Македонија да ја склучи Спогодбата за регулирање на меѓусебните односи, а за што е постигната согласност помеѓу Владата на Република Северна Македонија и МАКПЕТРОЛ АД СКОПЈЕ пред Центарот за решавање на спорови и преговори при Секретаријатот на Енергетската Заедница во Виена на 5 ноември 2019 година.

Член 4

Составен дел на овој закон е текстот на Спогодбата од членот 3 од овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

---

## L I GJ
## I ZGJIDHJES SË KONTESTIT NDËRMJET QEVERISË SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT DHE MAKPETROL SHA SHKUP NËPËRMJET MARRËVESHJES

Neni 1

Me këtë ligj rregullohet mënyra e zgjidhjes së kontestit ndërmjet Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe MAKPETROL SHA Shkup të krijuar në lidhje me ndërtimin e sistemit të gazsjellësit në Republikën e Maqedonisë së Veriut.

Neni 2

Qëllimi i këtij ligji është që të sigurohet mbrojtja e pronës, e të drejtave dhe interesave pronësore të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe zhvillimi i saj i mëtutjeshëm.

Neni 3

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut ta lidhë Marrëveshjen e Rregullimit të Marrëdhënieve të Ndërsjella për të cilën është arritur pëlqim ndërmjet Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe MAKPETROL SHA Shkup para Qendrës së Zgjidhjes së Kontesteve dhe të Negociatave pranë Sekretariatit të Bashkësisë Energjetike në Vjenë, më 5.11.2019.

Neni 4

Pjesë përbërëse e këtij ligji është teksti i Marrëveshjes së nenit 3 të këtij ligji.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

СПОГОДБА
за регулирање на меѓусебните односи

Склучена на ден __.__.2020 година во Скопје, меѓу:

1. РСМ Влада на Република Северна Македонија

   Бул. „Илинден" бр.2 Скопје

   Застапувана од Претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев (во натамошниот текст: Влада)

2. „МАКПЕТРОЛ" АД Скопје,

   ул. Св. Кирил и Методиј бр.4 Скопје,

   ЕМБС 4057643; ЕДБ МК 4030954258093

   застапувано од Претседателот на Управниот одбор на „Макпетрол" АД Скопје Андреја Јосифовски (во натамошниот текст: Макпетрол)

Двете договорни страни се согласни дека:

Со Одлука на Владата на Република Македонија бр.19-2247/1 од 14 јуни 2006 година и Одлуката на Управниот одбор на МАКПЕТРОЛ АД Скопје бр.0202-3091/1 од 14.6.2006 година ЈП ГА-МА е организирана како акционерско друштво, со седиште на бул. Св. Климент Охридски бр.54 Скопје со ЕМБС 5135419; (во натамошниот текст ГА-МА АД), со привремен сооднос на меѓусебните влогови во основната главнина од по една половина (50%) на секоја од договорните страни, сè до конечното решение.

Договорните страни се согласни да ги прекинат и да ги завршат судските постапки кои се водат пред националните судови.

Договорните страни водат долгогодишен судски спор за утврдување на правото на сопственост, односно за определување на соодносот на вложувањата (односно соодносот во номиналниот износ на основната главнина) на договорните страни во „ГА-МА" АД Скопје, пред Основниот суд Скопје II Скопје заведен под број 1 ТС бр.368/05, кој е поведен од 2005 година и сеуште се водат подготвителни рочишта пред првостепениот суд.

Договорните страни имаат уште два тековни спора коишто досега сè уште не се разрешени од страна на националните судови, од кои едниот спор се однесува на тужбата поднесена од страна на Државниот Правобранител за поништување на член 4 од Одлуката за организирање на Јавното претпријатие ГАМА во Акционерско друштво ГА-МА Скопје, бр.19-2247/1 од 14 јуни 2006 година, донесена од Владата, заведена со предмет број 56 ТС-18/18 (претходно заведен со предмет број 15 ТС-513/14), и уште една судска постапка за надомест на штета врз основа на член 4 став 2 од истата Одлука, поднесена од страна на ГА-МА АД , заверена како предмет број 51 ТС-1000/10.

Законот за енергетика (Службен весник бр.96/2018 , кој стапи во сила на 5.6.2018 година), во кој е транспониран третиот енергетски пакет, наметнува обврска за сопственичко

раздвојување (сепарирање) на Операторот на Системот за пренос на природен гас, со што ист субјект нема право истовремено да биде сопственик на Операторот на Системот за пренос на природен гас и да врши дејности трговија или снабдување со природен гас.

Имајќи го предвид фактот дека Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/2018, влезен во сила на 5 јуни 2018 година) утврдува дека Министерството за економија може да биде единствен сопственик на друштвото кое што е оператор на Системот за пренос на природен гас, МАКПЕТРОЛ АД Скопје изразува намера да го продаде својот влог во ГА-МА АД Скопје, а Владата на Република Северна Македонија изразува намера да го купи влогот, при што двете страни изразуваат интерес да склучат договор за купопродажба .

Врз основа на Извештајот за проценка на вредноста на ГА-МА АД, изготвен од страна на Бирото за судски вештачења , двете страни се согласни за утврдената вредност во износ од 65.547.810 евра како вкупна вредност на капиталот во ГА-МА АД.

Имајќи предвид дека судските спорови се уште се во расправа пред првостепениот суд и не постојат реални изгледи за нивно завршување во догледно време, а притоа Законот за енергетика кој е стапен во сила треба да се спроведе и применува, Договорните страни констатираат дека е од заедничкиот интерес да се регулират меѓусебните односи кои произлегуваат од деловниот потфат ГА-МА АД Скопје во кој се акционери заради што се согласни да ја склучат оваа Спогодба.

Имајќи ги во предвид:

- одредбите од Одлуката на Владата на Република Македонија бр. 19-2247/1 од 14 јуни 2006 година и Одлуката на Управниот одбор на МАКПЕТРОЛ АД Скопје бр. 0202-3091/1 од 14 јуни 2006 за организирање на ГА-МА во акционерско друштво;
- одредбите од Законот за енергетика (Службен весник бр 96/2018, стапен во сила на 5 јуни 2018 година) со којшто се утврдува обврската за издвоена сопственост на операторот за пренос на природен гас;

договорните страни се согласни за следново:

Член 1

Договорните страни ги утврдуваат како конечни своите вложувања, односно учество во ГАМА АД Скопје со седиште на бул. Св. Климент Охридски бр.54 Скопје со ЕМБС 5135419 во номинален износ во основната главнина кој изнесува 37.612.500,00 евра од кои на акционерите им припаѓаат на секој по една половина (50%) односно:

- На акционерот Влада на Република Северна Македонија ИБ 04064674 со број на сметка 1000062299, сопственост на 1 акција со номинална вредност од 18.806.250,00 евра;
- На акционерот МАКПЕТРОЛ Акционерско друштво за промет со нафта и нафтени деривати Скопје ИБ 04057643 со број на сметка 1000176718, сопственост на 1 акција со номинална вредност од 18.806.250,00 евра.

Член 2

Со денот на потпишувањето на оваа Спогодба, Владата на Република Северна Македонија изјавува дека се одрекува од тужбите и од тужбените барања истакнати во следниве тужби:

- Тужба 1 ТС бр.368/05 која се води пред Основен Суд Скопје 2 Скопје и
- Тужба 56 ТС бр.18/18 која се води пред Основен Суд Скопје 2 Скопје

Со денот на потпишувањето на оваа Спогодба, МАКПЕТРОЛ АД Скопје изјавува дека се одрекува од противтужбата поднесена во постапката 1 ТС бр.368/05 која се води пред Основен Суд Скопје II Скопје.

МАКПЕТРОЛ АД Скопје, на денот на потпишувањето на оваа Спогодба, изјавува дека се согласува со одрекувањето од тужбите и тужбените барања од ставот 1 од овој член.

ВЛАДАТА на Република Северна Македонија, на денот на потпишувањето на оваа Спогодба, изјавува дека се согласува со одрекувањето од противтужбата и тужбеното барање од ставот 2 од овој член.

МАКПЕТРОЛ АД и Владата на Република Северна Македонија изјавуваат дека се одрекуваат од тужбата и од тужбеното барање изложени во тужбата 51 ТС-100/10 (првично заведена под бр. на предмет 10 ТС-274/08) поднесена од страна на ГА-МА АД што се води пред Основен суд Скопје 2 Скопје.

Член 3

Договорните страни неотповикливо изјавуваат дека оваа Спогодба претставува вонсудска спогодба која ја заменува судската правосилна пресуда од погоре цитираните одлуки, со која се утврдува пропорцијата на вложувањата во АД ГАМА Скопје во сооднос од 50%:50% и истата ја потврдува структурата утврдена во Акционерската книга на ГА-МА АД Скопје со ИСИН MKGAMA101016 во Централниот депозитар за хартии од вредност.

Член 4

Договорните страни се обврзуваат веднаш по потпишувањето на оваа спогодба да го известат судот за одрекувањето од тужбите и тужбените барања и за согласноста за одрекувањето и откажувањето согласно член 2 од оваа Спогодба, за што судот ќе донесе формални решенија, со клаузула за правосилност и извршливост.

Двете договорни страни се согласни дека оваа Спогодба е нивна слободно изразена волја и дека со исполнувањето на обврските преземени со оваа Спогодба се решени сите спорни прашања помеѓу договорните страни во врска со ГА-МА АД Скопје и притоа во иднина, се одрекуваат од било какви меѓусебни тужби во врска со ГА-МА АД Скопје.

Секоја страна сама ги сноси трошоците направени во текот на постапките.

Член 5

Договорните страни се обврзуваат да го потпишат и да го имплементираат Договорот за купопродажба на влогот на МАКПЕТРОЛ АД во ГА-МА веднаш по склучување на оваа Спогодба, односно:

- веднаш по склучувањето на оваа Спогодба и добивањето на Решенијата од член 4 став 1 од оваа Спогодба, МАКПЕТРОЛ АД Скопје се обврзува да ја понуди на продажба својата акција во ГА-МА АД на Владата на Република Северна Македонија за цена од 32.773.905 евра;
- веднаш по приемот на понудата, Владата на Република Северна Македонија се обврзува да ја прифати понудата на МАКПЕТРОЛ АД да ја откупи неговата акција за цена од 32.773.905 евра;
- веднаш по прифаќањето на понудата од страна Владата на Република Северна Македонија, договорните страни се обврзуваат да потпишат договор за купопродажба и
- Владата се обврзува да му го плати на МАКПЕТРОЛ АД Скопје утврдениот износ од 32.773.905 евра во денарска противвредност, според средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија, утврден на денот на плаќањето;
- Плаќањето по налог на Владата ќе го изврши Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје во државна сопственост.

Член 6

Спогодбата е составена на македонски јазик во два (2) идентични примероци.

Член 7

Договорните страни се обврзуваат да го информираат Секретаријатот на Енергетската заедница за потпишувањето и за имплементацијата на оваа Спогодба за регулирање на меѓусебните обврски, како и за Договорот за купопродажба на сопственичкиот капитал во ГА-МА АД од член 5 од оваа Спогодба.

За и во име на

Влада на Република Северна Македонија

Претседател,

Зоран Заев

За и во име на

МАКПЕТРОЛ АД Скопје

Претседател

Андреја Јосифовски

Дополнителни Обврски

Секретаријатот на Енергетската Заедница се согласува да им помогне на договорните страни во имплементација на сопственичкото раздвојување на новиот македонски оператор на преносниот систем и да учествува во неговата сертификација во согласност со правилата на Третиот енергетски пакет.

За и во име на

Секретаријатот на Енергетска Заедница

Директор

Заменик Директор и Медијатор

назначен од договорните страни

Јанез Копач

Дирк Бушле

MARRËVESHJE
për rregullimin e marrëdhënieve të ndërsjella

E lidhur më __.__.2020 në Shkup, ndërmjet:

1. RMV Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

   Bul. “Ilinden” numër 2 Shkup

   E përfaqësuar nga Kryetari i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut Zoran Zaev (në tekstin e mëtutjeshëm: Qeveria)

2. “MAKPETROLL” SHA Shkup,

   rr. Shën Cirili dhe Metodi numër 4 Shkup,

   NUAS 4057643; NUT MK 4030954258093

   përfaqësuar nga Kryetari i Këshillit drejtues të “Makpetroll” SHA Shkup Andreja Josifovski (në tekstin e mëtutjeshëm: Makpetrol)

Të dy palët kontraktuese pajtohen se:

Me Vendim të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë numër 19-2247/1 prej 14 qershorit 2006 dhe Vendim të Këshillit Drejtues të MAKPETROL SHA Shkup numër 0202-3091/1 prej 14.6.2006 NP GA-MA është organizuar si shoqëri aksionare, me seli në bulevardin Shën Klimenti i Ohrit numër 54 Shkup me NUAS 5135419; (në tekstin e mëtutjeshëm GA-MA SHA), me raport të përkohshëm të investimeve të ndërsjella në kryegjënë themelore me nga një gjysmë (50%) secilës nga palët kontraktuese, deri në zgjidhjen përfundimtare.

Palët kontraktuese pajtohen t’i ndërpresin dhe t’i përfundojnë procedurat gjyqësore të cilat mbahen para gjykatave nacionale.

Palët kontraktuese mbajnë kontest gjyqësor shumëvjeçar për përcaktimin e të drejtës së pronësisë, përkatësisht për caktimin e raportit të investimeve (përkatësisht raportit në shumën nominale të kryegjësë themelore) të palëve kontraktuese në “GA-MA” SHA Shkup, para Gjykatës Themelore Shkup II Shkup të regjistruar me numrin 1 LLT numër 368/05, i cili është ngritur nga viti 2005 dhe ende mbahen seanca përgatitore para gjykatës së shkallës së parë.

Palët kontraktuese kanë edhe dy konteste rrjedhëse të cilat deri tani ende nuk janë zgjidhur nga gjykatat nacionale, nga të cilat njëri kontest ka të bëjë me padinë e parashtruar nga Avokatia Shtetërore për anulimin e nenit 4 të Vendimit për organizimin e Ndërmarrjes publike GAMA në Shoqërinë aksionare GA-MA Shkup, numër 19-2247/1 prej 14 qershor 2006, të miratuar nga Qeveria, të verifikuar me lëndën numër 56 LLT-18/18 (paraprakisht të verifikuar me lëndën numër 15 LLT-513/14), dhe edhe një procedur gjyqësore për kompensim të dëmit në bazë të nenit 4 paragrafit 2 nga Vendimi i njëjtë, parashtruar nga GA-MA SHA, të verifikuar si lëndë numër 51 LLT-1000/10.

Ligji për energjetikë (Gazeta Zyrtare numër 96/2018, i cili ka hyrë në fuqi më 5.6.2018), në të cilin është transponuar pakoja e tretë energjetike, imponon obligimin për ndarje personale (separim) të Operatorit të sistemit për bartjen e gazit natyror, me çka subjekti i njëjtë ka të drejtë njëkohësisht të jetë pronar i Operatorit të Sistemit për bartjen e gazit natyror dhe të kryejë veprimtari tregti ose furnizim me gaz natyror.

Duke e pasur parasysh faktin se Ligji për energjetikë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 96/2018, i hyrë në fuqi më 5 qershor të vitit 2018) përcakton se Ministria e Ekonomisë mund të jetë pronar i vetëm i shoqërisë e cila është operator i Sistemit për bartjen e gazit natyror, MAKPETROLL SHA Shkup shpreh qëllim ta shesë investimin e vet në GA-MA SHA Shkup, ndërsa Qeveria e Republikës së Maqedonisë shpreh qëllim ta blejë investimin, gjatë së cilës të dy palët shprehin interes të lidhim marrëveshje për shitblerje.

Në bazë të Raportit për vlerësimin e vlerës së GA-MA SHA, të përpiluar nga Byroja për Ekspertiza Gjyqësore, të dy palët janë të pajtimit për vlerën e përcaktuar në shumë prej 65.547.810 euro si vlerë e përgjithshme e kapitalit në GA-MA SHA.

Duke e pasur parasysh se kontestet gjyqësore ende janë në diskutim para gjykatës së shkallës së parë dhe nuk ekzistojnë gjasa reale për përfundimin e tyre në kohën e duhur, ndërkaq Ligji për energjetikë i cili ka hyrë në fuqi duhet të zbatohet dhe implementohet, Palët kontraktuese konstatojnë se është me interes të përbashkët të rregullohen marrëdhëniet e ndërsjella të cilat dalin nga ndërmarrja afariste GA-MA SHA Shkup në të cilën janë aksionarë për shkak të së cilës janë të pajtimit të lidhet kjo Marrëveshje.

Duke i pasur parasysh:

- dispozitat e Vendimit të Qeverisë së Republikës së Maqedonisë numër 19-2247/1 prej 14 qershor 2006 dhe Vendimin e Këshillit drejtues të MAKPETROL SHA Shkup numër 0202-3091/1 prej 14 qershor 2006 për organizimin e GA-MA në shoqëri aksionare;
- dispozitat e Ligjit për energjetikë (Gazeta Zyrtare numër 96/2018, i hyrë në fuqi më 5 qershor 2018) me të cilin përcaktohet obligimi për pronësinë e veçuar të operatorit për bartjen e gazit natyror;

palët kontraktuese pajtohen si vijon:

Neni 1

Palët kontraktuese i përcaktojnë si përfundimtare investimet e tyre, përkatësisht pjesëmarrje në GAMA SHA Shkup me seli në bul. Shën Kliementi i Ohrit numër 54 Shkup me NUAS 5135419 në shumë nominale në kryegjënë themelore e cila arrin 37.612.500,00 euro nga të cilat aksionarëve u takojnë secilit nga një gjysmë (50%) përkatësisht:

- Aksionarit Qeveria e Republikës së Maqedonisë IB 04064674 me numrin e llogarisë 1000062299, pronësi e 1 aksioni me vlerë nominale prej 18.806.250,00 euro;
- Aksionarit MAKPETROLL Shoqëri aksionare për qarkullim me naftë dhe derivate të naftës Shkup IB 04057643 me numër të llogarisë 1000176718, pronësi e 1 aksioni me vlerë nominale prej 18.806.250,00 euro.

Neni 2

Me ditën e nënshkrimit të kësaj Marrëveshje, Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut deklaron se heq dorë nga paditë dhe nga kërkesat paditëse të theksuara në paditë si vijon:

- Padi 1 LLT numër 368/05 e cila mbahet para Gjykatës Themelore Shkup 2 Shkup dhe
- Padi 56 LLT numër 18/18 e cila mbahet para Gjykatës Themelore Shkup 2 Shkup

Me ditën e nënshkrimit të kësaj Marrëveshjeje, MAKPETROLL SHA Shkup deklaron se heq dorë nga kundërpadia e parashtruar në procedurën 1 LLT numër 368/05 e cila mbahet para Gjykatës Themelore Shkup II Shkup.

MAKPETROLL SHA Shkup, në ditën e nënshkrimit të kësaj Marrëveshjeje, deklaron se pajtohet me heqje dorë nga paditë dhe kërkesat paditëse nga paragrafi 1 i këtij neni.

QEVERIA e Republikës së Maqedonisë së Veriut, në ditën e nënshkrimit të kësaj Marrëveshjeje, deklaron se pajtohet me heqje dorë nga kundërpadia dhe kërkesa paditëse nga paragrafi 2 i këtij neni.

MAKPETROLL SHA dhe Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut deklarojnë se heqin dorë nga padia dhe nga kërkesa paditëse të ekspozuara në padinë 51 LLT-100/10 (kryesisht e regjistruar me numër të lëndës 10 LLT-274/08) parashtruar nga GA-MA SHA që mbahet para Gjykatës Themelore Shkup 2 Shkup.

Neni 3

Palët kontraktuese deklarojnë në mënyrë të pakthyeshme se kjo Marrveshje paraqet marrëveshje jashtë gjyqësore e cila e zëvendëson aktgjykimin e plotfuqishëm gjyqësor nga vendimet e cituara më lartë, me të cilin përcaktohet proporcioni i investimeve në SHA GAMA Shkup në raport prej 50%:50% dhe i njëjti e vërteton strukturën e përcaktuar në Librin aksionar të GA-MA SHA Shkup me ISIN MKGAMA 101016 në Depozitin qendror për letra me vlerë.

Neni 4

Palët kontraktuese obligohen menjëherë pas nënshkrimit të kësaj marrëveshjeje ta njoftojnë gjykatën për heqje dorë nga paditë dhe kërkesat paditëse dhe për pajtimin për heqje dorë dhe anulim në pajtim me nenin 2 nga kjo Marrëveshje, për çka gjykata do të miratojë aktvendime formale, me klauzolë për plotfuqishmëri dhe zbatueshmëri.

Të dyja palët kontraktuese janë të pajtimit që kjo Marrëveshje është vullneti i tyre i shprehur në mënyrë të lirë dhe se me plotësimin e obligimeve të ndërmarra me këtë Marrëveshje janë zgjidhur të gjitha çështjet kontraktuese ndërmjet palëve kontraktuese në lidhje me GA-MA SHA Shkup dhe ndërkaq në të ardhmen, heqin dorë nga çfarë do padi të ndërsjella në lidhje me GA-MA SHA Shkup.

Secila palë vetë i bartë shpenzimet e bëra gjatë procedurave.

Neni 5

Palët kontraktuese obligohen ta nënshkruajnë dhe ta implementojnë Marrëveshjen për shitblerje të investimit të MAKPETROLL SHA në GA-MA menjëherë pas lidhjes së kësaj Marrëveshjeje, përkatësisht:

- Menjëherë pas lidhjes së kësaj Marrëveshjeje dhe marrjes së Aktvendimeve nga neni 4 paragrafi 1 i kësaj Marrëveshjeje, MAKPETROLL SHA Shkup obligohet ta ofrojë në shitje aksionin e vet në GA-MA SHA Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut me çmim prej 32.773.905 euro;
- menjëherë pas pranimit të ofertës, Qeveria e Republikës së Maqedonisë obligohet ta pranojë ofertën e MAKPETROLL SHA ta blejë aksionin e tij me çmim prej 32.773.905 euro;
- menjëherë pas pranimit të ofertës nga Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut, palët kontraktuese obligohen të nënshkruajnë marrëveshje për shitblerje dhe
- Qeveria obligohet t'i paguajë MAKPETROLL SHA Shkup shumën e përcaktuar prej 32.773.905 euro në kundërvlerë me denarë, sipas kursit të mesëm të Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë së Veriut, të përcaktuar në ditën e pagesës;
- Pagesën me urdhër të Qeverisë do ta realizojë Shoqëria aksionare për kryerjen e veprimtarive energjetike Resurse energjetike nacionale Shkup në pronësi shtetërore.

Neni 6

Marrëveshja është përpiluar në gjuhën maqedonase në dy (2) ekzemplarë identikë.

Neni 7

Palët kontraktuese obligohen ta informojnë Sekretariatin e Komunitetit Energjetik për nënshkrimin dhe për implementimin e kësaj Marrëveshje për rregullimin e obligimeve të ndërsjella, si dhe për Marrëveshjen për shitblerje të kapitalit personal në GA-MA SHA nga neni 5 i kësaj Marrëveshjeje.

| | |
|---|---|
| Për dhe në emër të | Për dhe në emër të |
| Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut | MAKPETROL SHA Shkup |
| Kryetar, | Kryetar |
| Zoran Zaev | Andreja Josifovski |

Obligime plotësuese

Sekretariati i Komunitetit Energjetik pajtohet t'u ndihmojë palëve kontraktuese në implementimin e ndarjes pronësore të operatorit të ri maqedonas të sistemit bartës dhe të marrë pjesë në certifikimin e tij në pajtim me rregullat e Pakos së tretë energjetike.

Për dhe në emër të

Sekretariatit të Komunitetit Energjetik

| | |
|---|---|
| Drejtor | Zëvendësdrejtor dhe Mediator<br>i emëruar nga palët kontraktuese |
| Janez Kopaç | Dirk Bushle |

**4378.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 28 декември 2020 година.

Бр. 08-4762/1
28 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ**

Член 1

Во Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам („Службен весник на Република Македонија“ број 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19), во член 14 став (1) точката а) се менува и гласи:

„а) идентификација на клиентот и потврдување на неговиот идентитет со користење на документи, податоци и информации од сигурни и независни извори, вклучувајќи доколку е возможно со употреба на средства за електронска идентификација издадени во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација согласно со закон;“.

Точката б) се менува и гласи:

„б) идентификација на ополномоштувачот и потврдување на неговиот идентитет со користење на документи, податоци и информации од сигурни и независни извори, вклучувајќи доколку е возможно со употреба на средства за електронска идентификација издадени во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација согласно со закон;“.

Член 2

Во член 15 ставот (3) се брише.

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (3) и (4).

Член 3

Во член 16 ставот (1) се менува и гласи:

„Кога клиентот е физичко лице се идентификува и се потврдува неговиот идентитет со поднесување на оригинален и важечки документ за идентификација, издаден од надлежен орган или копија заверена на нотар или доколку е возможно со употреба на средства за електронска идентификација издадени во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација согласно со закон.“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Од документот од ставот (1) на овој член, а доколку е возможно и од податоците за идентификација на лица кои употребуваат средства за електронска идентификација, се утврдува име, презиме, дата и место на раѓање, место и адреса на живеалиште или престојувалиште, единствен матичен број или број за идентификација и број на документот за идентификација или сериски број на средството за електронска идентификација, органот кој го издал документот и дата на важење, односно назив на издавачот на средството за електронска идентификација и периодот на важност на средството за електронската идентификација.“.

Ставот (5) се менува и гласи:

„Субјектите задолжително задржуваат копија во хартиена форма од документите од ставовите (1) и (3) на овој член, како и електронски записи од податоците од ставовите (1) и (3) на овој член за идентификација на лица кои употребиле средства за електронска идентификација обезбедени преку употреба на средствата за електронска идентификација издадени во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација, при што применуваат технички и организациски мерки согласно со прописите за заштита на личните податоци.“.

Член 4

По членот 23 се додаваат два нови наслова и два нови члена 23-а и 23-б, кои гласат:

**„Вистински сопственик на правно лице во државна сопственост**

Член 23-а

Вистински сопственик на правно лице во државна сопственост е лицето кое управува или раководи со органот на управување на правното лице во државна сопственост.

**Вистински сопственик на правно лице кое е во постапка на стечај или ликвидација**

Член 23-б

Вистински сопственик на правно лице кое е во постапка на стечај или ликвидација е стечајниот управник, односно ликвидаторот до завршувањето на постапката на стечај, односно ликвидација.“.

Член 5

Во член 25 став (1) во точката 2 сврзникот „и“ се заменува со точка запирка.

Во точката 3 точката се заменува со точка запирка и се додаваат три нови точки 4, 5 и 6, кои гласат:

„4. буџетски корисници;

5. правни лица во државна сопственост и

6. правни лица во постапка на стечај или ликвидација.“.

Во став (2) точка а) во потточката 2. зборот „држава“ се заменува со зборот „адреса“.

Во ставот (3) по зборовите: „точка 3“ се става запирка и се додаваат зборовите: „4, 5 и 6“.

Член 6

Во член 26 во ставот (3) по зборовите: „трговци поединци“ се става запирка и се додаваат зборовите: „лица кои вршат јавни овластувања, буџетски корисници, правни лица во државна сопственост и правни лица во постапка на стечај и ликвидација“.

Во ставот (4) зборовите: „ставовите (1) и (2)“ се заменуваат со зборовите: „ставот (3)“.

Член 7

Во член 28 ставот (1) се менува и гласи:

„Во регистарот се запишуваат следниве податоци:

а) податоци за правниот субјект: назив, седиште, ЕМБС и даночен број, датум на основање и бришење на деловниот субјект, кои по службена должност и ав-

томатски се преземаат и евидентираат од единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица;
б) податоци за вистинскиот сопственик: име и презиме (лично име), единствен матичен број или друг идентификациски број, адреса на живеалиште, односно престојувалиште, датум на раѓање и државјанство, кои по службена должност и со користење на електронски средства се преземаат од Централниот регистар на население, со внесување на единствениот матичен број на граѓанинот, за граѓани на Република Северна Македонија кои живеат во државата или во странство, како и странски државјани со уреден престој во Република Северна Македонија подолго од една година или се внесуваат од страна на подносителот за странски државјани и

в) податоци за сопственоста на вистинскиот сопственик.”.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Администраторот на регистарот го води и управува регистарот на начин што:

- покрај последниот статус на податоците за вистинските сопственици, исто така, се чуваат сите претходни записи, измени на податоци и бришење според времето и видот на настанот и

- податоците во регистарот се достапни десет години по бришењето на правниот субјект од надлежен регистар.“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Внесувањето на податоците се врши електронски, преку веб-порталот на администраторот на регистарот, без надоместок во законски предвидените рокови, со примена на технички и организациски мерки согласно со прописите за заштита на личните податоци.“.

Член 8

Во член 29 во ставот (2) по зборот „достапни“ се додаваат зборовите: „во форма на информација“.

По ставот (2) се додаваат два нови ставови (3) и (4), кои гласат:

„(3) Информацијата од ставот (2) на овој член се издава согласно со впишаните податоци во Централниот регистар на население на денот на издавањето на истата.

(4) Информацијата за вистинскиот сопственик на трговецот поединец, самостојните вршители на дејност и лицата кои вршат јавни овластувања, како и на буџетските корисници, правни лица во државна сопственост и правни лица во постапка на стечај и ликвидација се издава согласно со последно впишани податоци во единствениот трговски регистар и регистарот на други правни лица и регистарот на буџетски корисници во надлежност на Министерството за финансии.“.

Член 9

Во член 32 ставот (6) се брише.

Член 10

Во членот 35 во воведната реченица по зборот „идентификација” се додаваат зборовите: „или доколку нивниот идентитет не може да се утврди со употреба на средства за електронска идентификација издадени во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација согласно со закон.”.

Член 11

Во член 39 во ставот (3) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „согласно со членот 56 од овој закон.“.

Ставот (4) се менува и гласи:

„Во случаите од ставот (1) на овој член, субјектот е должен да изготви писмена анализа и да ја утврди потребата од доставување извештај до Управата согласно со членот 54 од овој закон. Субјектот е должен да ја чува анализата и да ја направи достапна на барање на органите на надзор од членот 146 од овој закон.“.

Член 12

Во член 51 ставот (1) се менува и гласи:

„Субјектите се должни копиите од документите, односно електронските записи од податоците обезбедени со употреба на средства за електронска идентификација издадени во рамки на регистрирана шема за електронска идентификација согласно со закон, со кои го утврдуваат и верификуваат, односно го идентификуваат и автентицираат идентитетот на клиентот, ополномоштувачот и вистинскиот сопственик, за спроведените процедури за анализа на клиентот или вистинскиот сопственик и за реализираните трансакции или трансакциите во обид, клиентското досие и деловната кореспонденција, да ги чуваат десет години во електронска или хартиена форма по извршената трансакција, сметано од последната трансакција.”.

Член 13

Во член 53 ставот (5) се менува и гласи:

„Осигурителните друштва кои вршат работи на осигурување на живот собраните податоци за склучени полиси за осигурување живот ги доставуваат до Управата на крајот на денот во електронска форма во следниве случаи:

-за склучени полиси за осигурување живот со уплата на премија по полиси за осигурување на живот во износ еднаков или поголем од 15.000 евра и исплата по основ на откуп, заем или доживување еднаква или поголема од 15.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот кога е склучена полисата за осигурување, односно на денот кога се врши исплатата, освен договорите за осигурување на живот во случај на смрт-ризико осигурување и

- за склучени полиси за осигурување живот од страна на носител на јавна функција, без оглед на вредноста на осигурената сума.“.

Член 14

Во член 57 став (6) во точката б) зборот „високо“ се заменува со зборовите: „најмалку средно“.

Ставот (7) се менува и гласи:

„Кај субјектите од ставот (2) на овој член, овластеното лице, неговиот заменик, како и сите лица вработени во одделот од ставот (3) на овој член, подлежат на безбедносни проверки согласно со прописите за безбедност на класифицирани информации и потребно е да имаат безбедносен сертификат.“.

Член 15

Во членот 58 по зборот „годишно“ се додаваат зборовите: „во тековната година за претходната година“.

Член 16

Во членот 63 зборот „достават“ се заменуваат со зборовите: „обезбедат, достават и дадат“.

Член 17

Во член 74 став (2) точката 4) се менува и гласи:

„да има активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици (англиски, француски или германски јазик).“.

Член 18

Во членот 83 зборот „премин“ се заменува со зборот „пристап“.

Член 19

Во член 116 став (1) по точката 21 се додава нова точка 22., која гласи:

„22. Министерство за информатичко општество и администрација:

- податоци од Централниот регистар на население.“.

Член 20

Во член 117 во ставот (1) по зборовите: „Министерството за одбрана - Воено разузнавање,“ се додаваат зборовите: „Агенцијата за национална безбедност,“.

Во став (2) точката 2 се брише.

Точката 3 станува точка 2.

По ставот (6) се додава нов став (7), кој гласи:

„(7) За целите на овој закон, Управата може да разменува податоци со кои располага во своите бази на податоци со органите од ставот (1) на овој член по нивно образложено писмено барање или по сопствена иницијатива.“.

Член 21

Во член 124 став (1) во алинејата 2 на крајот на реченицата по зборот „закон“ се додаваат зборовите: „како и број на примени дополнувања на извештаи за сомнителни трансакции“.

Во алинејата 5 по зборот „органи“ се додаваат зборовите: „како и број на доставени дополнувања на извештаи и известувања“.

Член 22

Во насловот пред членот 131 по зборот „мерки“ се додаваат зборовите: „и налог за следење на деловен однос“.

Во ставот (1) по зборот „членовите“ се додава бројот „119,“.

Во ставот (3) пред зборот „држава“ се додаваат зборовите: „за следење на деловен однос и“.

Член 23

Во член 146 став (1) во алинејата 3 по зборовите: „брокерските куќи,“ се додаваат зборовите: „банки со дозвола за работа со хартии од вредност,“.

Член 24

Во член 148 став (3) алинејата 1 се брише.

Член 25

Во член 149 став (1) точката 10) се брише.

Точките 11) и 12) стануваат точки 10) и 11).

Во став (2) точката 6) се брише.

Точките 7), 8), 9) и 10) стануваат точки 6), 7), 8) и 9).

Член 26

Во член 150 став (1) во точката 1) по зборот „проверува“ се додаваат зборовите: „и прибира“.

Член 27

Во член 151 став (1) точката 1) се брише.

Точките 2) и 3) стануваат точки 1) и 2).

Член 28

Во член 154 став (1) алинејата 2 се брише.

Во алинејата 7 зборот „глоба“ се заменува со зборовите: „прекршочна санкција“.

Член 29

Насловот пред членот 155 и членот 155 се бришат.

Член 30

Во член 159 ставот (1) се менува и гласи:

„За целите на спречување и одвраќање од извршување на активности кои се сметаат за прекршоци согласно со овој закон, Управата е должна, врз основа на податоците добиени согласно со членот 154 од овој закон, јавно да ги објави информациите за изречени глоби врз основа на правосилна судска одлука, освен ако објавувањето на информацијата може да попречи спроведување на предистражна или кривична постапка.“.

Ставот (4) се брише.

Член 31

Членот 160 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ 60.000 до 80.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице (голем трговец), ако:

- не спроведува процедура на анализа на клиентот согласно со членот 12 од овој закон,
- не спроведе засилена анализа при воспоставување на кореcподентен однос согласно со членот 34 од овој закон,
- не одбие воспоставување на деловен однос или изврши трансакција или не го прекине деловниот однос со клиентот согласно со членот 39 ставови (1) и (2) од овој закон,
- воспостави или продолжи деловен однос со shell bank (банки школки) и да започне или продолжат и кореcподентски деловен однос со банка за која знае дека дозволува отварање и работење со сметки на банки школки спротивно на членот 49 став (1) од овој закон,
- доколку врши финансиски активности на shell bank (банка школка) спротивно на членот 49 став (2) од овој закон,
- отвори или чува анонимни сметки или сметки на фиктивни имиња спротивно на членот 50 од овој закон,
- не достави до Управата податоци, информации и документи согласно со членот 54 став (1) од овој закон,
- банката не стави во употреба или не го надгради софтверот за автоматска обработка на податоците согласно со членот 59 од овој закон,
- се повикува на деловна тајна спротивно на членот 63 од овој закон,
- не ги достави побараните податоци, достави нецелосни или неточни податоци или не ги достави во рок согласно со членот 115 од овој закон,
- не постапи согласно со налогот за следење на деловен однос од членот 119 од овој закон,
- не ја задржи трансакцијата врз основа на издадениот налог согласно со членот 120 од овој закон.

(2) За дејствијата од ставот (1) на овој член, на правно лице (среден трговец) ќе му се изрече глоба во износ од 50.000 до 60.000 евра во денарска противвредност.

(3) За дејствијата од ставот (1) на овој член, на правно лице (мал трговец) ќе му се изрече глоба во износ од 30.000 до 50.000 евра во денарска противвредност.

(4) За дејствијата од ставот (1) на овој член, на правно лице (микро трговец) ќе му се изрече глоба во износ од 20.000 до 40.000 евра во денарска противвредност.

(5) За дејствијата од ставот (1) на овој член, на правните лица од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член може да им се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност согласно со закон. Управата може да достави образложен предлог за привремено или трајно одземање на лиценца, односно дозвола за работа на правното лице до органите надлежни за нивно издавање согласно со закон.

(6) Глоба во износ од 6.000 до 12.000 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член.

(7) На одговорното лице во правното лице од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член за дејствијата од ставот (1) на овој член покрај глобата може да му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност согласно со закон.

(8) За дејствијата од ставот (1) на овој член сторени намерно, на организиран начин, кои се повторуват, со кои предизвикана е значителна штета или се стекнува со значителна имотна корист, на правното лице му се изрекува глоба во износ од 10% од приходот на правното лице остварен претходната фискална година и прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност согласно со закон.".

Член 32

Членот 161 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ 20.000 до 30.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице (голем трговец), ако:

- не спроведе проценка на ризикот согласно со членот 10 од овој закон,
- не изготви и применува програма согласно со членот 11 став (1) од овој закон,
- не донесе програмата, редовно не ја следи и оценува нејзината адекватност, усогласеност и ефикасност согласно со членот 11 став (2) од овој закон,
- постапи спротивно на исклучоците за анализа на клиентот во однос на електронските пари од членот 13 од овој закон,
- не ги спроведе мерките за анализа на клиентот од членот 14 од овој закон,
- не го идентификува и потврди идентитетот на клиентот, ополномоштувачот  или вистинскиот сопственик согласно со членот 15 од овој закон,
- не го идентификува и потврди идентитетот на клиентот согласно со членот 16 од овој закон,
- не го идентификува и потврди идентитетот на ополномоштувачот согласно со членот 17 од овој закон,
- не го идентификува и потврди идентитетот на вистинскиот сопственик согласно со членот 18 од овој закон,
- не го следи деловниот однос согласно со членот 31 од овој закон,
- не спроведе засилена анализа на клиентот согласно со членот 33 од овој закон,
- не спроведе засилена анализа на клиент кој не е физички присутен согласно со членот 35 од овој закон,
- не спроведе засилена анализа на клиентот-носител на јавна функција согласно со членот 36 од овој закон,
- не спроведе засилена анализа на клиент од високо ризични држави согласно со членот 37 од овој закон,
- не спроведе засилена анализа кон сложени и невообичаени трансакции согласно со членот 38 од овој закон,
- не ги чува податоците, информациите или документите согласно со членот 51 од овој закон,
- не ја извести Управата и не ја задржи трансакцијата согласно со членот 54 став (2) од овој закон,
- не достават до Управата податоци, информации и документи во форма на извештај согласно со членот 54 став (3) од овој закон,
- не обезбеди примена на мерките и дејствијата за спречување на перење пари  и финансирање на тероризам согласно со членот 41 од овој закон,
- ги довери обврските за анализа на клиентот на трети лица спротивно на членот 42 од овој закон,
- не обезбеди и проследи информации кај безготовински пренос на парични средства согласно со членот 43 од овој закон,
- не утврди идентитет на клиент согласно со членот 44 став (1) од овој закон,
- не утврди идентитет на клиент согласно со членот 46 од овој закон,
- не утврди идентитет на клиент согласно со членот 47 став (1) од овој закон,
- прими готовина спротивно на членот 48 од овој закон,
- извршат регистрација на хартии од вредност, друг имот или правни работи или за пријавување или вршење на пренос на пари, хартии од вредност или друг имот, можат да извршат таква регистрација или пренос спротивно на членот 48 став (2) од овој закон,
- не ги достави до Управата собраните податоци, информации и документи во случај на готовинска трансакција во износ од 15.000 евра во денарска противвредност или повеќе без оглед дали станува збор за една трансакција или повеќе очигледно поврзани трансакции согласно со членот 52 од овој закон,
- не достави податоци до Управата согласно со членот 53 од овој закон,
- не ги достави извештаите до Управата согласно со членот 56 од овој закон,
- не именуваат овластено лице и негов заменик согласно со членот 57 став (1) од овој закон,
- не формира посебен оддел за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со членот 57 став (2) од овој закон,
- не формира посебен оддел за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со членот 57 став (3) од овој закон,
- не обезбеди исполнување на услови согласно со членот 57 став (8) од овој закон,
- не врши внатрешна контрола согласно со членот 58 од овој закон,
- користење на податоците обезбедени со овој закон спротивно на членот 60 од овој закон,
- го известат клиентот или трето лице согласно со членот 61 став (1) од овој закон,
- не преземе потребни мерки за заштита на податоците согласно со членот 61 став (3) од овој закон.

(2) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правно лице (среден трговец) ќе му се изрече глоба во износ од 10.000 до 20.000 евра во денарска противвредност.

(3) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правно лице (мал трговец) ќе му се изрече глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност.

(4) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правно лице (микро трговец) ќе му се изрече глоба во износ од 3.000 до 8.000 евра во денарска противвредност.

(5) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правните лица од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член може да им се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење одделна дејност согласно со закон.

(6) Глоба во износ од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член.

(7) На одговорното лице во правното лице од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член за дејствијата од ставот (1) на овој член покрај глобата може да му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност согласно со закон.”.

Член 33

Членот 162 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 5.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице (голем трговец), ако:

- не ја извести Управата согласно со членот 7 став (2) од овој закон,
- не ја достави програмата на барање на надлежните органи на надзорот од членот 146 од овој закон согласно со членот 11 став (3) од овој закон,
- не спроведе поедноставена анализа на клиентот согласно со членот 32 од овој закон,
- не ги забележува податоците по хронолошки редослед во нумериран регистар кај менувачки работи согласно со членот 45 од овој закон,
- не води нумериран регистар за тргувањето на хартии од вредност чиј вкупен износ е поголем од 15.000 евра во денарска противвредност согласно со членот 47 став (2) од овој закон,
- не го известат надлежниот орган за надзор од членот 146 од овој закон дека доставиле извештај до Управата согласно со членот 54 став (6) од овој закон,
- вработи во одделот лица кои не ги исполнуваат условите од членот 57 ставови (6), (7) и (11) од овој закон,
- не обезбеди редовна стручна обука согласно со членот 57 став (12) од овој закон,
- не достави податоци до Управата согласно со членот 57 став (13) од овој закон.

(2) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правно лице (среден трговец) ќе му се изрече глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност.

(3) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правно лице (мал трговец) ќе му се изрече глоба во износ од 1.000 до 3.000 евра во денарска противвредност.

(4) За дејствијата од ставот (1) на овој член на правно лице (микро трговец) ќе му се изрече глоба во износ од 800 до 2.000 евра во денарска противвредност.

(5) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за дејствијата од ставот (1) на овој член ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице во правното лице од ставовите (1), (2), (3) и (4) на овој член.”.

Член 34

Членот 163 се брише.

Член 35

Во член 164 став (1) по алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

„- не одбие воспоставување на деловен однос или изврши трансакција или не го прекине деловниот однос со клиентот согласно со членот 39 ставови (1) и (2) од овој закон,“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„На лицето кое врши јавно овластување или физичкото лице за дејствијата од ставот (1) на овој член покрај глобата може да му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност согласно со закон.“.

Член 36

Во член 165 став (1) алинејата 17 се брише.

Ставот (2) се менува и гласи:

„На лицето кое врши јавно овластување или физичкото лице за дејствијата од ставот (1) на овој член покрај глобата може да му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност согласно со закон.“.

Член 37

Во член 166 ставот (2) се брише.

Член 38

Во член 167 став (1) во воведната реченица зборовите: „од 10.000“ се заменуваат со зборовите: „од 5.000 до 10.000“.

Член 39

Во член 168 износот „2.500“ се заменува со износот „500“, а износот „5.000“ се заменува со износот „1.000“.

Член 40

Во член 169 во воведната реченица износот „1.000“ се заменува со износот „500“, а износот „2.000“ се заменува со износот „1.000“.

Член 41

Во член 171 ставот (2) се менува и гласи:

„Доколку органите на надзор од членот 146 од овој закон констатираат прекршок од членовите 164, 165, 166 и 167 од овој закон, составуваат записник во кој ги забележуваат битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патната исправа и држава, а за правно лице, назив, седиште и даночен број, времето, местото и начинот на сторувањето на прекршокот, описот на дејствието, правната квалификација на прекршокот и лицата затекнати на самото место, како и даваат предлог за порамнување со издавање на прекршочен платен налог. Записникот го потпишува органот на надзор, овластеното службено лице и сторителот.“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Во постапката за порамнување глобата во прекршочниот платен налог се изрекува во фиксен износ пропишан со закон, а ако глобата е пропишана во распон се изрекува минималниот пропишан износ за прекршокот.“.

По ставот (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

„(6) Во постапката која ќе заврши со плаќање на прекршочен платен налог не се плаќаат трошоци на постапката.

(7) Сторителот којшто со заминувањето заради престој во странство би можел да го одбегне плаќањето на глобата, е должен веднаш да ја плати глобата изречена со прекршочниот платен налог.“.

Ставовите (6), (7), (8), (9) и (10) стануваат ставови (8), (9), (10), (11) и (12).

Член 42

Во член 172 зборот „шест“ се заменува со зборот „четири“.

**Преодни и завршни одредби**

Член 43

Одредбата од членот 1 со кој се менува членот 14 став (1) точки а) и б), одредбата од членот 3 со кој се менува членот 16 ставови (1) и (2), одредбата од членот 12 со кој се менува членот 51 став (1) од овој закон ќе започнат да се применуваат со денот на започнувањето на примената на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19 и 275/19).

Член 44

Започнатите прекршочни постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со одредбите од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам* („Службен весник на Република Македонија“ број 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 275/19).

Член 45

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT TË PARANDALIMIT TË LARJES SË PARAVE DHE FINANCIMIT TË TERRORIZMIT**

Neni 1

Në Ligjin e Parandalimit të Larjes së Parave dhe Financimit të Terrorizmit (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 120/18), në nenin 14 paragrafi (1), pika a) ndryshohet dhe bëhet:

“a) identifikimi i klientit dhe vërtetimi i identitetit të tij duke shfrytëzuar dokumentet, të dhënat dhe informatat nga burime të sigurta dhe të pavarura, duke përfshirë, nëse është e mundur, me përdorimin e mjeteve për identifikim elektronik të lëshuara në kuadër të skemës së regjistruar për identifikim elektronik në pajtim me ligjin;”

Pika b) ndryshohet dhe bëhet:

“b) identifikimi i autorizuesit dhe vërtetimi i identitetit të tij duke shfrytëzuar dokumentet, të dhënat dhe informatat nga burime të sigurta dhe të pavarura, duke përfshirë, nëse është e mundur, me përdorimin e mjeteve për identifikim elektronik të lëshuara në kuadër të skemës së regjistruar për identifikim elektronik në pajtim me ligjin.”

Neni 2

Në nenin 15 paragrafi (3) fshihet.

Paragrafët (4) dhe (5) bëhen paragrafë (3) dhe (4).

Neni 3

Në nenin 16 paragrafi (1) ndryshohet dhe bëhet:

“Kur klienti është person fizik identifikohet dhe vërtetohet identiteti i tij duke parashtruar dokument origjinal dhe të vlefshëm për identifikim, të lëshuar nga organi kompetent, ose kopje të verifikuar në noter, ose nëse është e mundur me përdorimin e mjeteve për identifikim elektronik të lëshuara në kuadër të skemës së regjistruar për identifikim elektronik në pajtim me ligjin.”

Paragrafi (2) ndryshohet dhe bëhet:

“(2) Nga dokumenti sipas paragrafit (1) të këtij neni, por, nëse është e mundur, edhe nga të dhënat për identifikim të personave që përdorin mjete për identifikim elektronik, konstatohet emri, mbiemri, data dhe vendi i lindjes, vendi dhe adresa e vendbanimit ose vendqëndrimit, numri unik i amzës ose numri për identifikim dhe numri i dokumentit të identifikimit ose numri serik i mjetit për identifikim elektronik, organi që e ka lëshuar dokumentin dhe vlefshmëria e tij, përkatësisht emri i lëshuesit të identifikimit elektronik dhe periudha e vlefshmërisë së mjeteve për identifikim elektronik.”.

Paragrafi (5) ndryshohet dhe bëhet:

“(5) Subjektet detyrimisht mbajnë kopje në letër të dokumenteve sipas paragrafëve (1) dhe (3) të këtij neni, si dhe të regjistrimeve elektronike sipas paragrafëve (1) dhe (3) të këtij neni për identifikim të personave të siguruar nëpërmjet mjeteve të identifikimit elektronik të lëshuar në suaza regjistrave të skemës elektronike për identifikimi, gjatë së cilës zbatohen masa teknike organizative në pajtim me dispozitat për mbrojtjen e të dhënave personale.”

Neni 4

Pas nenit 23 shtohen dy tituj të rinj 23-a dhe 23-b, dhe bëhen:

**“Pronari i vërtetë i personit juridik në pronësi shtetërore**

Neni 23-a

Pronar i personit juridik në pronësi shtetërore është personi juridik në pronësi shtetërore i cili drejtor ose udhëheq me organin drejtues të personit juridik në pronësi shtetërore.

**Pronar i vërtetë është personi juridik i cili është në procedurë falimentimi ose likuidimi**

Neni 23-b

Pronar i vërtetë është personi juridik i cili është në procedurë falimentimi ose likuidimi, është drejtori i falimentimit, përkatësisht likuiduesi deri në përfundimin e procedurës së falimentimit, përkatësisht likuidimit.”

Neni 5

Në nenin 25 në paragrafin (1) në pikën 2., lidhëza “dhe” zëvendësohet me pikëpresje.

Në pikën 3., pika zëvendësohet me pikëpresje dhe shtohen tri pika të reja dhe bëhet:

“4.Shfrytëzues buxhetorë;

5.persona juridikë në pronësi shtetërore dhe

6.personi juridik në procedurë falimentimi ose likuidimi.”

Në paragrafin (2) pika a) nënpika 2. fjala “shteti” zëvendësohet me fjalën “adresa”.

Në paragrafin (3) pas fjalëve: “pika 3” vihet presje dhe shtohen fjalët „4, 5 dhe 6“

Neni 6

Në nenin 26 në paragrafin (3) pas fjalëve: “tregtarë individë” vihet presje dhe shtohen fjalët: “persona që kryejnë autorizime publike, shfrytëzues buxhetorë, persona juridikë në pronësi shtetërore dhe persona juridikë në procedurë falimentimi dhe likuidimi”.

Në paragrafin (4) fjalët: “paragrafët (1) dhe (2)“ zëvendësohen me fjalët: “paragrafi (3)”.

Neni 7

Në nenin 28 paragrafi (1) ndryshohet dhe bëhet:

“Në regjistrin regjistrohen të dhënat vijuese:

a) të dhënat për subjektin juridik: emërtimi, selia, NVAS dhe numri tatimor, data e themelimit dhe fshirja e subjektit afarist, të cilat me detyrë zyrtare dhe automatikisht merren dhe evidentohen nga regjistri i vetëm tregtar dhe regjistri i personave tjera juridike,

b) të dhëna për pronarin e vërtetë: emri dhe mbiemri (emri personal), numri unik i amzës ose numër tjetër të identifikimit, adresa e vendbanimit, përkatësisht vendqëndrimit, data e lindjes dhe shtetësia, të cilat me

detyrë zyrtare dhe me shfrytëzimin e mjeteve elektronike merren nga Regjistri qendror i popullsisë, me futjen e numrit unik të amzës të qytetarit, për qytetarë të Republikës së Maqedonisë së Veriut të cilët jetojnë në shtetin ose në vend të huaj, si dhe shtetas të huaj me qëndrim të rregulluar në Republikën e Maqedonisë së Veriut më gjatë se një vit ose futen nga parashtruesi për shtetas të huaj;

v) të dhënat për pronësinë e pronarit të vërtetë.

Paragrafi (2) ndryshohet dhe bëhet:

"Administratori i regjistrit e mban dhe administron regjistrin në mënyrë që:

- krahas statusit të fundit të të dhënave për pronarët e vërtetë, gjithashtu ruhen të gjitha shënimet, ndryshimet e të dhënave dhe fshirja sipas kohës dhe llojit të ngjarjes dhe

- të dhënat në regjistrin janë të disponueshme dhjetë vjet pas fshirjes së subjektit juridik nga regjistri kompetent."

Paragrafi (3) ndryshohet dhe bëhet:

"Shënimi i të dhënave bëhet në formë elektronike, nëpërmjet ueb portalit të administratorit të regjistrit, pa kompensim në afatet e parapara ligjore, duke zbatuar masa teknike dhe organizative në pajtim me rregullat për mbrojtjen e të dhënave personale."

Neni 8

Në nenin 29 në paragrafin (2) pas fjalës "arritshme," shtohen fjalët: "në formë të informatës".

Pas paragrafit (2) shtohen dy paragrafë të rinj (3) dhe (4), dhe bëhet:

"(3) Informata sipas paragrafit (2) të këtij neni lëshohet në pajtim me të dhënat e regjistruara në Regjistrin Qendror të Popullsisë në ditën e lëshimit të saj.

(4) Informata për pronar të vërtetë të tregtarit individ, ushtruesit e mëvetësishëm të veprimtarisë dhe personat që kryejnë autorizime publike, si dhe shfrytëzuesit buxhetorë, personat juridikë në pronësi shtetërore dhe personat juridikë në procedurë falimentimi dhe likuidimi lëshohet në pajtim me të dhënat e fundit të regjistruara në regjistrin unik tregtar dhe regjistrin e personave tjerë juridikë dhe regjistrin e shfrytëzuesve buxhetorë në kompetencë të Ministrisë së Financave."

Neni 9

Në nenin 32 paragrafi (6) fshihet.

Neni 10

Në nenin 35 në fjalinë hyrëse, pas fjalës "identifikim", shtohen fjalët: "ose nëse identiteti i tyre nuk mund të përcaktohet me përdorim të mjeteve për identifikim elektronik të lëshuara në korniza të skemës së regjistruar për identifikim elektronik në pajtim me ligj."

Neni 11

Në nenin 39 në paragrafin (3) pika në fund të fjalisë fshihet dhe shtohen fjalët: "në pajtim me nenin 56 të këtij ligji.".

Paragrafi (4) ndryshohet dhe bëhet:

"Në rastet sipas paragrafit (1) të këtij neni, subjekti është i detyruar që të përgatisë analizë me shkrim dhe ta konstatojë nevojën për dorëzim të raportit në drejtori në pajtim me nenin 54 të këtij ligji. Subjekti është i detyruar që ta ruajë analizën dhe ta bëjë të disponueshme me kërkesë të organeve mbikëqyrëse sipas nenit 146 të këtij ligji."

Neni 12

Në nenin 51, paragrafi (1) ndryshon dhe bëhet:

"Subjektet janë të detyruara kopjet nga dokumentet, përkatësisht shkresat elektronike nga të dhënat të siguruara me përdorim të mjeteve për identifikimin elektronik të lëshuara në korniza të skemës së regjistruar për identifikim elektronik në pajtim me ligj, me të cilat përcaktohen dhe verifikohen, përkatësisht e identifikojnë dhe autentifikojnë identitetin e klientit, të autorizuarin dhe pronarin e vërtetë, për procedurat e zbatuara për analizë të klientit ose pronarin e vërtetë dhe për transaksionet e realizuara ose transaksionet në tentim, dosjen e klientit dhe korrespodencën afariste, t'i ruajnë dhjetë vjet në formë elektronike ose të shkruar sipas transaksionit të realizuar, llogaritur nga transaksioni i fundit.

Neni 13

Në nenin 53 paragrafi (5) ndryshohet dhe bëhet:

"Shoqëritë e sigurimit që kryejnë punë të sigurimit të jetës të dhënat e mbledhura për policat e lidhura për sigurim të jetës i dorëzojnë në drejtori në fund të ditës në formë elektronike në rastet vijuese:

- për policat e lidhura për sigurim të jetës me arkëtim të premisë për policë për sigurim të jetës në shumë të barabartë ose më të madhe se 15.000 euro dhe pagesë në bazë të grumbullimit, huas ose përjetimit njëjtë ose më të madh se 15.000 euro në kundërvlerë denari sipas kursit të mesëm të Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë së Veriut në ditën kur është lidhur polica e sigurimit, përkatësisht në ditën kur bëhet pagesa, përveç marrëveshjeve të sigurimit të jetës në rast të vdekjes-sigurim të rrezikut dhe

- për policat e lidhura për sigurim të jetës nga ana e bartësit të funksionit publik, pa marrë parasysh vlerën e shumës së siguruar."

Neni 14

Në nenin 57 në paragrafin (6) në pikën b) fjala "lartë" zëvendësohet me fjalët: "së paku të mesëm".

Paragrafi (7) ndryshohet dhe bëhet:
